# КАРПОШ
## неделен Е - БИЛТЕН





**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: СЕКТОР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ**
**8-14 дек 2025 Билтен бр. 614**

# КАРПОШАНИ УЧЕСТВУВААТ ВО КРЕИРАЊЕ НА ОПШТИНСКИОТ БУЏЕТ

**(09.12.2025)**
**Во насока на поголема транспарентност при формирање на општинскиот Буџет за 2026 година, Општина Карпош започна иницијатива во која директно ги вклучи своите граѓани во планирање со овој процес. По тој повод, градоначалникот Сотир Лукровски, Секретарот на Општината Мирјана Пехчевска Поп Илиева и претседателот на Советот Христо Саракинов, денеска оствариja работни средби со жителите од урбаните заедници „Кузман Јосифовски Питу“, „Пецо Божиновски Кочо“, Нерези, Тафталиџе 1 и Тафталиџе 2.**

**Во рамки на координативните средби, граѓаните имаа можност непосредно да го информираат раководството на локалната самоуправа со нивните потреби и барања, со цел решавање на проблемите на поширокатa локална заедница. На тој начин општинската администрација ги нотираше предлозите на граѓаните од овие населени места, а најприоритетните предлози ќе бидат интегрирани проекти, односно во Буџетот за 2026 година и во Програмите за работа на општинските Сектори. На самата дискусија присуствуваа и членови на Советот на Општина Карпош, кои исто така посочија на неколку акутни проблеми со кои се соочуваат жителите од урбаните населби.**

**Во тој поглед, најчести забелешки од граѓаните беа упатени во врска со проблеми со фекалната и атмосферската канализација, комуналната инфраструктура, потребата од поголем број на паркинг места и реновирање на неколку сервисни улици. Карпошани апелираа до локалните власти да го известат Министерството за внатрешни работи, за потребата од поголемо присуство на полициските службеници на теренот, како и за изнаоѓање на соодветни сообраќајни решенија за зголемување на безбедноста на пешаците. Конкретни предлози од жителите пристигнаа и за соодветно одржување на блоковското зеленило и јавната хигиена, а повеќе забелешки од граѓаните беа упатени во насока на остварување на нивните лични права од легализација со градежното земјиште, а поврзани со актуелните детални урбанистички планови.**





# КООРДИНИРАНА АКЦИЈА ЗА ЧИСТЕЊЕ ВО КАРПОШ

**Екипите од Општина Карпош задолжени за одржување на јавната чистота, спроведоа координирана акција со ЈП Паркови и зеленило, во која, со здружени ресурси го расчистуваа теренот на територија на локалната самоуправа. Во таа насока, лицата задолжени за одржување на хигиената, заедно ги чистеа јавните површини подигајќи органски отпад (лисја и гранки) на потегот долж булеварот Партизански одреди, од улица Рузвелтова, па се до кружниот тек во населбата Влае.**

**Во текот на вчерашниот ден беше спроведена масовна акција за чистење на теренот во Бардовци, каде екипите од Општина Карпош во две смени темелно ги расчистуваа јавните површини во оваа населба.**

**Хигиеничарите од Карпош детално чистеа и во околината на плоштадот Делфина во Влае, во рамки на основното училиште „Војдан Чернодрински" а со истата динамика се работеше на реонот кај споменикот на Кузман Јосифовски Питу во населбата Козле и во околината на СЦ Борис Трајковски во Карпош 3. Службите од Карпош интервенираа и во Тафталиџе 2, каде беше исечено и отстрането дрво на улица Женевска, кое претставуваше закана по безбедноста на жителите.**

**Со истото темпо општинските служби секојдневно ги одржуваат јавните површини низ Карпош, а во одредени делови од општината, преку обезбедување на луѓе и механизација, учествуваат во акции за чистење заедно со екипите на Град Скопје и ЈП Паркови и зеленило..**



# НАСТАВНИЧКА ОД КАРПОШ 4 ПРОГЛАСЕНА ЗА ПРОСВЕТЕН РАБОТНИК НА ГРАД СКОПЈЕ

**Предметната наставничка по англиски јазик Александра Митровска од ООУ „Петар Поп Арсов“ е прогласена за просветен работник на годината за учебната 2024-2025 година. Наставничката Митровска го доби ова престижно признание минатата недела, во рамки на традиционалната манифестација „Просветен работник на годината на Град Скопје“, која ја организира Здружението на просветни работници на Град Скопје во соработка со Град Скопје. Оваа манифестација претставува едно од најзначајните признанија за трудот, резултатите и професионалната посветеност на наставниците од основното и средното образование во нашиот главен град.**

**Во текот на настанот беа доделени признанија во пет категории, при што беа одбрани најистакнатите и најпосветените наставници. Во случајов, Александра Митровска е препознаена по својата исклучителна професионалност, современи наставни практики, целосна посветеност кон учениците и неуморна работа во унапредување на наставниот процес. Нејзиниот ентузијазам, креативност и поддршка која секојдневно им ја дава на основците се пример за врвен наставник и вистински мотиватор.**



# КОНСТИТУТИВНА СЕДНИЦА НА СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН

**10.12.2025**
**Советот за развој на Скопски плански регион ја одржа својата Конститутивна седница на која, за нов претседател беше избран градоначалникот на Општина Сопиште, Јане Мицевски.**

**На Седницата присуствуваше и Градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, кој по верификација на мандатот, стана член на Советот за развој на Скопски плански регион, заедно со останатите седумнаесет Градоначалници од Скопскиот регион.**
**Во рамки на денешната седница беше изгласан и Финансискиот план за 2026 година, како и Акциониот план за идната година.**
**Општина Карпош ќе продолжи да се залага за соработка, обезбедување на квалитетни услуги и партнерство меѓу општините за стабилен регионален развој.**



## БЛОК-ДОТАЦИИ ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА СТРУЈА И ГРЕЕЊЕ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

**Советот на Општина Карпош заседаваше на вонредна седница, при што беше разгледувана единствената точка која се најде на денешниот дневен ред. Имено, пред советниците беше доставена Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2025 година, каде се врши проширување на финансиските средства во приходниот и расходниот дел.**

**Според образложението на самата Одлука, станува збор за Блок-дотации во програмата Н10 – Основно образование, преку кои се обезбедуваат средства во висина од 14.816.000 денари. Овие парични средства ќе бидат наменети за исплата на трошоците за електрична енергија и централно греење, на сите основни училишта на територија на локалната самоуправа. По кусата расправа, мнозинството советници од Карпош ја поддржаа оваа Предлог –Одлука. Инаку, Блок-дотациите претставуваат форма на финансиска поддршка што централната власт им ја доделува на локалните единици, а Општина Карпош одлучи да ги распореди овие средства за потребите на основните образовни институции.**



# ЗАВРШИЈА ЈАВНИТЕ ПОВИЦИ ЗА 2025 ГОДИНА, ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ПОКРИВИ И ЛИФТОВИ

**Општина Карпош ја информира јавноста дека со финиширање на оваа календарска 2025 година, завршува и можноста за аплицирање на граѓаните на Јавните повици кои ги распиша локалната самоуправа. Станува збор за Јавниот повик за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување нови лифтови на станбени згради, како и за Јавниот повик за субвенционирање при поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради и замена на азбестни покриви на куќите.**

**Согласно креирање на новата Програма за работа на Секторот за уредување на градежно земјиште и комунални работи за 2026 година, се предвидува овие активности да продолжат и во наредната година. За објавување на Јавните повици за оваа намена, граѓаните на Карпош ќе бидат навремено известени преку печатените и електронските медиуми, како и преку официјалните канали за комуникација, како што се општинската веб страница и социјалните мрежи.**

ОПШТИНА

КАРПОШ

# ЖИТЕЛИТЕ ОД „МЛЕЧЕН“ СО КОНКРЕТНИ ПРЕДЛОЗИ ЗА ОПШТИНСКИОТ БУЏЕТ

**Водејќи се според премисата за поефикасно распоредување на буџетските средства на Општина Карпош, градоначалникот Сотир Лукровски заедно со Секретарот на Општината, Мирјана Пехчевска Поп Илиева и претседателот на Советот Христо Саракинов, денеска се сретнаа со граѓаните од УЗ „Владо Тасевски“. Во рамки на работната средба, жителите на оваа урбана заедница ги посочија своите приоритети кои ќе бидат разгледани од општинското раководство. Во случајов, најкреативните барања, предлози и сугестии од граѓаните ќе бидат преточени во конкретни проекти во согласност со општинскиот Буџет за 2026 година.**

**Според жителите од „Млечен“, локалните власти треба да се фокусираат кон реконструкција на неколку улици во тој реон, кон санација на неколку ударни дупки на повеќе локации низ урбаната заедница и уредување на пешачките патеки и тротоари. Жителите апелираа до локалната самоуправа да го реши проблемот со дотраената урбана опрема на детските игралишта, да се разгледа можноста за поставување на фонтани за пиење вода и да бидат санирани неколку летниковци каде што се социјализираат карпошани. Како еден од поакутните проблеми, граѓаните ја наведоа актуелната состојба со недостаток од слободни паркинг места во овој реон и потребата од изградба на платформи за паркирање и воведување на зонско паркирање.**

**Граѓаните предочија и неколку предлози за подобрување на хортикултурата, преку засадување на нови садници и уредување на зелените појаси и блоковско зеленило. Тие изнесоа повеќе забелешки околу хигиената, при што побараа од општината да ги замени оштетените корпи за отпадоци и да продолжи со акцијата за отстранување на хаварисани возила. Од аспект на безбедноста, жителите од УЗ „Владо Тасевски“ побараа повторно обележување на пешачките премини, поставување на ограничувачи на брзината и поактивно присуство на полициските службеници, во насока на зголемена сообраќајна и јавна безбедност.**



# ЗАВРШИ ЕСЕНСКАТА ДЕРАТИЗАЦИЈА

**Заврши есенската дератизација која се спроведува секоја година на територијата на општина Карпош. Инаку, оваа иницијатива се реализира со цел уништување на штетните глодари и инсекти, но и како превенција од заразни болести. Во таа насока, со дератизацијата беа опфатени околу 5.000 шахти, локалната самоуправа спроведе дезинфекција, дезинсекција и дератизација на сите основни училишта и детски градинки на своето подрачје.**



## ЖИТЕЛИТЕ НА ЧЕТИРИ УРБАНИ ЗАЕДНИЦИ ГИ ПОСОЧИЈА СВОИТЕ ПРИОРИТЕТИ

**Како дел од планираните активности во процесот на формирање на општинскиот Буџет, градоначалникот Сотир Лукровски заедно со Секретарот на Општината, Мирјана Пехчевска Поп Илиева и претседателот на Советот Христо Саракинов, денеска се сретнаа и разговараа со граѓаните од урбаните заедници Карпош 1, 2, и 4, како и со жителите на Влае 1. Во рамки на посетата, општинското раководство напомена дека секојдневно одржува редовна комуникација со карпошани, со цел да ги евидентира нивните проблеми и да изнајде најсоодветно решение за нив. Во случајов, најприоритетните барања, предлози и сугестии од граѓаните ќе бидат преточени во конкретни проекти во согласност со општинскиот Буџет за 2026 година.**

**Според жителите од населбите Карпош 1 и 2, најакутен проблем во овој реон е состојбата со паркирањето. Со оглед на тоа што овој дел од локалната самоуправа граничи со општина Центар, во овој дел на Карпош се создава поголема фреквенција на паркирани возила пред домовите на карпошани. Од тие причини општинските служби од Карпош ќе разгледаат неколку соодветни опции, за решавање на сообраќајниот метеж во овој дел на општината. Во оваа пригода карпошани побараа да се реконструираат неколку детски игралишта, меѓу кое е и инклузивното игралиште за дечињата со попреченост во Карпош 2.**

**Повеќе барања и предлози од граѓаните од останатите урбани заедници беа насочени и кон инфраструктурни и комунални зафати какви што се реконструкција на неколку улици, санација на покривите кај постарите станбени објекти, поставување на енергетско – ефикасни фасади, поставување на нови лифтови во зградите и интервенција во мрежата за фекална и атмосферска канализација на неколку критични точки. Граѓаните предочија и неколку проблеми со кои се соочуваат во својата локална заедница. Имено, тие побараа да се изнајдат соодветни сообраќајни решенија за поголема безбедност на пешаците а апелираа и за поставување на повеќе фонтани за пиење вода и за зголемување на бројот на корпи за отпадоци.**

**И за жителите од Влае, најголем проблем претставува паркирањето, особено во непосредна близина на станбениот комплекс Александрија, кој се наоѓа во соседната општина Ѓорче Петров. Тие алармираа дека е потребна итна реконструкција на улицата Фјодор Достоевски, како и поефикасно справување со помалите диви депонии кои се создаваат низ оваа урбана заедница. Жителите од Влае 1 побараа поголемо присуство на екипите кои се задолжени за одржување на уличното осветлување.**